Меѓународен Универзитет Визион - International Vision UniversityUniversiteti Ndërkombëtar Vizion - Uluslararası Vizyon Üniversitesi

Adres: Ul. Major C. Filiposki No.1, Gostivar –North Macedoniatel: +389 42 222 325, www.vision.edu.mk , info@vision.edu.mk

Со цел создавање на услови за личен и интелектуален развој на студентите во согласност со етичките и професионалните начела, како и реализирање на што е можно поуспешен образовен процес за студентите во Универзитетот, Сенатот на Меѓународен универзитет Визион врз основа на член 94 став 1 алинеја 43 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 82/18 и 178/21) и член 97 став 1 алинеја 44 од Статутот на Универзитетот, на XLIV –та седница одржана на ден 11.12.2023 година, го усвои следниот

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА СТУДЕНТИТЕ НА МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН

## Преамбула

Етичкиот кодекс за студентите на Меѓународен универзитет Визион (во понатамошниот текст: Универзитетот) има за цел на студентите да им ги приближи етичките начела согласно кои студентите треба да се однесуваат во образовниот процес.

Етичкиот кодекс ги регулира етичките начела кои треба да ги почитуваат студентите како членови на универзитетската заедница.

Етичкото однесување произлегува од личната посветеност на етичките начела како и од желбата да се настапува со морален интегритет.

Од студентите на Универзитетот се очекува да се однесуваат како одговорни членови на универзитетската заедница.

Доброто расудување и здравиот разум треба да бидат одлучувачки во случаи кога Етичкиот кодекс за студентите не регулира во целост или делумно одредено прашање или околност.

## Општи одредби

### Член 1

Етичкиот кодекс за студентите е збир на норми кои се должни да ги почитуваат сите студенти, како и студентската организација на Универзитетот.

Етичкиот кодекс за студентите произлегува од Етичкиот кодекс на Универзитетот и претставува примена на општи норми на етичност и професионалност на посебни области од студентските права и обврски.

Студентите и студентската организација се должни да ги почитуваат нормите на Етичкиот кодекс за студентите.

Студентите кои не ги почитуваат нормите на Етичкиот кодекс за студентите ќе бидат подложни на дисциплински казни кои може да се рефлектираат на нивниот понатамошен општествен развој, со единствена цел заштита на правата на членовите на универзитетската заедница, имотот и стабилноста на Универзитетот.

Студентите се должни да ги почитуваат етичките начела во просториите кои ги поседува, користи или контролира Универзитетот, но и при вршење на активности надвор од Универзитетот кои се поврзани со претставување или застапување на Универзитетот.

Етичкиот кодекс на студентите е подложен на редовни проверки и постојани промени во согласност со развојот и разбирањето на етичките и професионалните вредности.

Универзитетот има обврска да преземе мерки со цел сите студенти да бидат запознаени со содржината на Етичкиот кодекс за студентите.

**Предмет на уредување**

Член 2

Предмет на Етичкиот кодекс за студентите на Универзитетот се основните етички начела, како и формирањето на комисијата и постапката за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите на Универзитетот.

**Цел**

Член 3

Етичкиот кодекс за студентите има за цел да укаже на должноста на студентите да ги почитуваат Уставот, законите, подзаконските акти, прописите на Универзитетот, основните човекови права, интегритетот и достоинството на другите луѓе, академските слободи, начелата на рамноправност и праведност како и совесно и професионално да ги исполнуваат своите обврски.

**Важност**

Член 4

Етичкиот кодекс за студентите важи за секое лице кое има статус на редовен или вонреден студент на Универзитетот.

## 1. ОСНОВНИ ЕТИЧКИ НАЧЕЛА ЗА СТУДЕНТИТЕ

Член 5

Основните етички начела за студентите опфаќаат: начела на морално оправдано однесување, етички неприфатливи однесувања и посебни етички правила во наставната, научната и уметничката работа.

### 1.1. НАЧЕЛА НА МОРАЛНО ОПРАВДАНО ОДНЕСУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ

**Начело на автономија**

Член 6

Студентот како член на универзитетската заедница има право автономно да дејствува.

Автономното дејствување на студентот е ограничено согласно статусот на студентот во универзитетската заедница и целите на Универзитетот.

Студентот не треба да се попречува во професионалниот развој и усовршување.

Студентот има обврска и одговорност правично и чесно да се однесува кон другите студенти колеги, како и кон наставниот и ненаставниот кадар на Универзитетот.

**Право на академска слобода**

Член 7

Слободата на мислење и изразување е основна вредност во сите сегменти на универзитетската работа.

Академската слобода е слобода на секој студент како член на универзитетската заедница да ја извршува својата активност во согласност со Уставот и законите.

Студентот во своите истражувања треба да се води од идејата за слобода на научното и уметничко творештво.

**Начело на мирно користење на правата**

Член 8

Студентот има право непречен од никого да ги ужива сите права загарантирани со Уставот и законите кои може да ги оствари во рамките на универзитетската заедница.

**Начело на колегијалност**

Член 9

Студентот, како член на универзитетската заедница, треба да негува односи на соработка засновани на меѓусебно почитување и разбирање, како и почитување на достоинството на личноста во согласност со загарантираните права на живот, интегритет и достоинство.

На студентот му се гарантира правото на приватност.

**Начело на интегритет**

Член 10

Студентот е должен да го почитува интегритетот на Универзитетот и на единиците во негов состав.

Студентот е должен да студира совесно, внимателно, одговорно и посветено, според своето најдобро знаење.

**Начело на еднаквост и праведност**

Член 11

Студентот е должен да се однесува во согласност со начелото на еднаквост и праведност, на начин што му се забранува да врши секаква форма на дискриминација, злоупотреба, вознемирување или експлоатација.

На студентот треба да му се обезбедат еднакви услови за остварување на професионалните обврски, искажување на интелектуалните способности и напредување.

**Начело на професионализам**

Член 12

Студентот треба совесно, стручно, одговорно, чесно, непристрасно и професионално да ги исполнува своите обврски согласно договорот за студирање.

Студентот треба да се однесува професионално кон наставниот и ненаставниот кадар на Универзитетот.

**Начело на почитување на законот и правните постапки**

Член 13

Од студентот се очекува да ги почитува сите законски прописи и правни постапки во врска со неговите обврски како член на универзитетската заедница.

Универзитетот има обврска да обезбеди услови за запознавање на студентот со сите релевантни правила во врска со неговите обврски како студент, согласно видот на договорот за студирање.

На студентот треба да му се обезбеди можност да ги оствари своите права и интереси и да учествува во постапката за утврдување повреда на начелата на Етичкиот кодекс за студентите, со право да се изјасни за соодветните наводи, изнесувајќи ги своите аргументи, како и да му се обезбеди рамноправна положба во постапката во однос на другите учесници кои се во иста или слична положба.

## 1.2. ЕТИЧКИ НЕПРИФАТЛИВИ ОДНЕСУВАЊА НА СТУДЕНТИТЕ

**Дискриминација**

Член 14

Во универзитетската заедница не е дозволена каква и да било форма на директна и индиректна дискриминација на студент врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на одредена група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко или друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, општествен статус или кој и да било друг основ кој е регулиран со закон или со ратификуван меѓународен договор.

**Вознемирување**

Член 15

Секаква форма на вознемирување на студент се забранува.

Под вознемирување на студент се подразбира секое несоодветно однесување кон студент, чија цел е повреда на неговото лично достоинство и попречување во извршувањето на задачите или намалување на неговиот квалитет на живот.

За вознемирување на студент се смета и секој акт, поединечен или повторен, вербален, невербален или физички, кој создава или придонесува за создавање непријатни и непријателски работни и образовни околности, или со кој се заплашува, навредува или

понижува.

Се забранува и сексуално вознемирување како форма на вознемирување на студент која се карактеризира со неприфаќање или одбивање од другата страна, вклучувајќи повторено несакано упатување вербални или физички предлози од сексуална природа кон студент, физичко напаствување, повторено несакано изнесување на шеги и забелешки со сексуална конотација, вклучувајќи и упатување на полот и сексуалната ориентација, потсмевање и исмевање со сексуална конотација, изложување на сексуално навредлив и вознемирувачки материјал и барање сексуални услуги во замена за одредено постапување или непостапување.

**Предрасуди**

Член 16

Студентот треба да биде објективен во својата работа.

Студентот не смее да дозволи извесни предрасуди да влијаат врз неговата објективност во академските и истражувачките процеси.

## 1.3. ЕТИЧКИ ПРАВИЛА ВО НАСТАВНАТА, НАУЧНАТА И УМЕТНИЧКАТА РАБОТА

**Професионални должности во наставата**

Член 17

Студентот ги има следниве професионални должности во наставата:

- стремеж кон стекнување на висок степен на научно знаење во областа на студирање;
- стремеж кон ефикасно совладување на целите и задачите на предметот;
- учење на сите теми на отворен, чесен и позитивен начин;
- придонес кон интелектуалниот развој;
- навремено исполнување на сите обврски во студирањето;
- право на јавно и транспарентно испитување и оценување;
- почитување на дигнитетот на колегите студенти и наставниот и ненаставниот кадар на Универзитетот;
- почитување на образовните цели, стратегии и стандарди на институцијата каде што студира;
- воздржување од секакви условувања на член на наставниот или ненаставниот кадар за полагање на испит со услови кои не се содржани во одредбите на студиската програма и правилата на Универзитетот и единиците, а особено од давање понуди кои му носат лична економска и друга корист на некој член од наставниот или ненаставниот кадар на Универзитетот;
- унапредување на квалитетот на наставниот процес преку давање на реални и непристрасни мислења со цел евалуација на наставниот или ненаставниот кадар.

Член 18

Студентот не смее непримерно да се однесува во наставниот процес.

Под непримерно однесување на студентот во наставниот процес се подразбира:

- намерно пречење или прекинување на наставата, истражувањето или друга

академска активност;

– непридржување кон дополнителните упатства и правила за однесување во наставниот процес кои се пропишани од Универзитетот.

**Неприфатлива пракса во наставата**

Член 19

Студентот не смее да вршат препишување, без оглед на начинот на спроведување на испитот и формата на оценување на студентската работа.

За препишување се смета недопуштено примање помош, чија цел е на недозволен начин да се влијае врз правилното оценување на испитите и на другите форми на оценување на работата.

**Академско непочитување**

Член 20

Академско непочитување е кој и да било вид на измама која ја направил студент поврзана со постапката за пријавување на испит или испитување или друг вид на проверка на знаењето.

Под академско непочитување се подразбира однесување на студентот кое се состои од:

- прибирање, пренесување, копирање, умножување, употреба или намерна употреба на испитниот материјал без дозвола од овластените лица;

– прибирање, пренесување, примање, употреба или намерна употреба на испитните решенија;

– употреба или намерна употреба на белешки, податоци, резултати или други електронски направи или програми за време на испит, доколку истото не е дозволено;

– лажно претставување при полагање на испит;

- претставување на туѓ труд како свој;

– помагање во ситуации на проверка на знаењето, кога се очекува од студентот да ја изврши задачата самостојно;

– употреба на веќе оценети работи на ист или друг колега без одобрение на член на наставниот кадар;

– менување или намерно преправање на оценка или резултат за вреднување на испитот;

– намерно уништување на академската работа или напорот на друг студент.

- влијание или обид за влијание со цел пристрасно евалуирање на член на наставниот или ненаставниот кадар;
- други однесувања кои предизвикуваат академско непочитување.

**Користење на луѓе и животни во научни истражувања**

Член 21

Не е дозволено истражување на студент кое може да резултира со зголемен ризик за физички и психички повреди на луѓето, повреди на животните или околината како ниту

подржување, потикнување или прикривање на такви дејности кои ги спроведуваат други членови на универзитетската заедница.

Во научните истражувања студентот треба да се применува начелото на свесна согласност врз база на соодветно известување на учесниците. Правата и достоинството на сите кои учествуваат како испитаници и другите учесници во научното истражување треба да бидат заштитени на соодветен начин.

Доколку во активностите од став 2 на овој член учествуваат деца и малолетници треба да бидат обезбедено почитувањето на нивните права во согласност со соодветните правила и стандарди.

Со животните кои се користат за експериментални цели студентот треба да се постапува во согласност со адекватните етички и стручни стандарди.

**Фабрикување (измислување) резултати**

Член 22

Не е дозволено студентот да измислува резултати.

Измислување на резултати е секое намерно претставување, ширење и објавување на наводни резултати од научноистражувачка работа, и покрај сознанието дека научната работа и истражувањето кои ги наведува студентот, студентот не ги спровел во реалноста.

**Фалсификување**

Член 23

Секој фалсификат е неприфатлив во научноистражувачката работа на студентот.

Фалсификувањето опфаќа секакво дејство на студентот пришто спротивно на начелото на научниот интегритет се манипулира со предмет, опрема, оценка или истражувачки процес.

**Плагијаторство**

Член 24

Студентот не смее делата или идеите на други поединци да ги изнесува како свои без знаење на авторот.

Студентот кој врши научноистражувачка и уметничка работа мора да ја гарантира оригиналноста на објавените научни трудови и уметнички дела, како и авторството што им се припишува, но и точноста и искреноста при презентирање и наведување информации за потеклото на идеите и наводите кои се користени во трудот.

Од студентот се очекува да ги наведи како автори сите и само оние учесници во процесот на создавање на научниот труд кои интелектуално придонеле за него.

На студентот му се гарантира заштита на правото на интелектуална сопственост над резултатите од истражувањето и собраните податоци.

**Измислување и преправање препораки**

Член 25

Студентот не смее да измислува и преправа препораки добиени од лица избрани во

наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања.

**Недозволено располагање со академски материјал, универзитетски акти, документи или идентификациски исправи**

Член 26

Студентот не смее да произведува, употребува, печати, репродуцира, копира, изменува, преместува или уништува академски материјал, универзитетски акти, документи или идентификациски исправи без дозвола од овластено лице на Универзитетот.

**Нудење и давање на подароци и други добра**

Член 27

Студентот не смее да нуди и/или дава подароци и други добра на член на наставниот или ненаставниот кадар на Универзитетот под разумна претпоставка дека со ова свое дејствување директно или индиректно ќе влијае врз неговата објективност, исполнување на професионалните обврски и почитување на професионалните права и должности.

**Транспарентност и доверливост**

Член 28

Студентот треба да ја почитува вредноста на транспарентноста.

**Право на континуирано усовршување и доживотно учење**

Член 29

Студентот има право на континуирано усовршување и доживотно учење.

**Професионално напредување**

Член 30

Универзитетот на студентите треба да им обезбеди еднакви услови за напредување.

**Јавно настапување**

Член 31

Свесен за својата општествена одговорност, Универзитетот ги охрабрува студентите на јавно настапување и слобода на изразување, што вклучува настапи пред публика, електронски и социјални медиуми, изразување на своите стручни и научни ставови во весници, книги и списанија, а и со други форми на дејствување во корист на универзитетската заедница.

**Одговорност кон универзитетската заедница**

Член 32

Студентот треба совесно и одговорно да се однесува кон наставниот и ненаставниот кадар и студентите колеги во и вон Универзитетот.

## 2. КОМИСИЈА НАДЛЕЖНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ЗА СТУДЕНТИТЕ

### Повреда на етичките начела

Член 33

Пријавите за повреди на Етичкиот кодекс на студентите ги решава Комисија за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите.

Комисијата за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите се формира со цел утврдување на повреда на етичко начело сторена од страна на студент.

Комисијата за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите на Универзитетот се формира веднаш по пријавување на потенцијална повреда на некое етичко начело.

### Комисија за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите

Член 34

Комисијата за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите на Универзитетот се формира како привремена (ad hoc) комисија за решавање на конкретен случај.

Комисијата за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите на Универзитетот задолжително брои непарен број на членови и ја сочинуваат претседател избран од редот на наставниците/соработниците, еден член избран од страна на студентите на предлог на факултетското студентско собрание и секретарот на единицата на Универзитетот.

Комисијата за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите ја формира наставно-научниот совет, наставно-научниот и уметнички совет или научниот совет на единицата во која студира студентот кој потенцијално сторил повреда на некое етичко начело.

## 3. ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОВРЕДА НА ЕТИЧКИТЕ НАЧЕЛА

### Поведување на постапка

Член 35

Постапката за утврдување повреда на некое од етичките начела се поведува со поднесување пријава за сторена повреда.

Пријавата мора да биде поднесена во писмена или електронска форма и да биде образложена со сите потребни податоци и докази за лицата, времето, местото и можните сведоци на сторената повреда.

Пријавата задолжително мора да биде потпишана од подносителот.

Комисија за спроведување на Етичкиот кодекс на студентите нема да се формира доколку пријавата е анонимна.

### Рок за поднесување на пријавата

Член 36

Пријавата за сторена повреда се поднесува најдоцна во рок од 8 (осум) работни дена од денот на дознавањето за сторената повреда.

Пријавата за сторена повреда доставена до архивата на Универзитетот надвор од утврдениот рок во став 2 на овој член, со решение се отфрла како ненавремена.

**Постапка на Комисијата за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите по навремена пријава**

Член 37

Доколку пријавата за сторена повреда ги задоволува формалните услови за дозволеност по истата ќе постапува Комисијата за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите.

**Постапка на Комисијата за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите**

Член 38

По навремено доставена пријава за повреда на некое од етичките начела Комисијата за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите во рок од 7 (седум) дена започнува со спроведување на постапката за утврдување на постоење на повреда.

Во постапката задолжително учествува студентот како лице против кого е поднесена пријавата.

Доколку Комисијата за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите утврди непостоење на повреда на конкретното етичко начело со решение ја одбива пријавата како неоснована.

Доколку Комисијата за спроведување на Етичкиот кодекс за студентите утврди дека постои повреда на конкретно етичко начело донесува предлог-одлука со која му предлага на деканот да изрече една од следниве мерки: писмена опомена или јавна опомена.

Видот на мерката се одредува во зависност од тежината на повредата и штетата која е нанесена.

Писмената опомена се доставува до сторителот на повредата.

Јавната опомена се објавува на седница на Сенатот на Универзитетот и во Универзитетскиот гласник.

Изречените мерки не ја исклучуваат одговорноста во согласност со други прописи.

**Одлука на деканот**

Член 39

Одлуката на деканот за сторена или несторена повреда на етичкото начело од страна на студент е конечна.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 40

Надзор над спроведувањето и толкувањето на Етичкиот кодекс за студентите врши Сенатот на Универзитетот.

Член 41

Деканите на единиците на Универзитетот се должни да постапуваат навремено заради спречување и сузбивање повреди на Етички кодекс за студентите.

Деканите се должни да поведуваат постапки и да преземаат други активности во рамките на својата надлежност, како и претходно да ги разгледаат сите потпишани пријави во кои е изнесено сомневање за неетичкото однесување на студентите.

Член 42

Овој Кодекс влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Претседател на Сенат, с.р.**